Чарлс Буковски

# Белешки на еден стар гад

Изданието е објавено со поддршка од
Министерството за културa на РСМ

Република Северна Македонија
Министерство за култура

БИБЛИОТЕКА – ARS MAGNA

**Главен уредник**
Филип Димевски

**Наслов на оригиналот**
Charles Bukowski, **Notes of a Dirty Old Man**

**Originally published in English by City Lights Books.**
**Copyright © 2011 by the Estate of Charles Bukowski**

**Превод од англиски јазик**
Томе Сиљаноски

**Лектура**
Ирена Ралева

**Компјутерска обработка**
Бегемот

**Ликовно уредување**
Ѓорѓе Јовановиќ

© Сите права на изданието ги има – БЕГЕМОТ ДООЕЛ
Забрането е копирање, умножување и објавување на делови или на целото издание во печатени или електронски медиуми без писмено одобрение од издавачот.

Чарлс Буковски

# Белешки на еден стар гад

Скопје, 2023

# Предговор

Пред нешто повеќе од една година, Џон Брајан почна да го издава неговиот „подземен“ весник *Опен сити*[1] во дневната соба на една мала двокатна куќа што ја имаше изнајмено. Потоа весникот се префрли во еден стан напред, а после во едно место во бизнис округот на авенијата Мелроуз. Но, над сето тоа надвиснува сенка. И тоа баеги голема и морничава. Зборот дека весникот почнува да излегува се шири, ама рекламирањето не се одвива како што би требало. На другата страна, во подобриот дел од градот, веќе се истакнува и почнува да се утврдува *Ел-Еј фри прес*[2]. А тука се и рекламите. Брајан самиот си создаде непријател со тоа што најпрвин работеше за *Ел-Еј фри прес* и што направи продажбата на весникот да скокне од шеснаесет илјади на тројно повеќе примероци. Тоа е како

[1] (англ.) Open City (сите забелешки се на уредникот, освен ако е наведено поинаку).

[2] (англ.) L.A. Free Press.

да создадеш национална војска, а потоа да им се придружиш на револуционерите. Се разбира дека битката не е, едноставно, Опен сити против ФРИ ПРЕС. Ако некогаш сте читале Опен сити, знаете дека битката е поголема од тоа. Опен сити се занимава со големите момци, со најголемите момци, а има некои што се навистина *големи* и што доаѓаат накај центарот на улицата, СЕГА, а освен што се големи, тие се и навистина грди лајна. Да се работи за Опен сити, можеби најживиот журнал во САД, е и позабавно и поопасно. Но, забавата и опасноста ретко кога ставаат маргарин на тостот или успеваат да ја нахранат мачката. А така се откажуваш од тостот и завршуваш така што ја јадеш мачката.

Брајан е своевиден луд идеалист и романтичар. Даде отказ, или беше отпуштен, поточно *и* даде отказ *и* беше отпуштен – при што имаше многу разлетани срања наоколу – од позицијата во *Хералд-Егзаминер*[3] затоа што го беше кренал гласот поради нивното прекумерно „мазнење на алатот“ на богомладенецот Христос. И тоа на насловната страница на божиќното издание на нивното списание. „А тоа дури и не е мојот Бог, туку нивниот“, ми рече.

И така, овој чуден идеалист и романтичар го создаде Опен сити. „А што велиш да ни пишуваш колумни еднаш неделно?“. ме праша лежерно, чешкајќи си ја црвената брада. Па, знаете, кога ќе ми текне на други колумни и на други колумнисти, тоа нешто ми се виде некако многу

[3] (англ.) Herald-Examiner.

курвинско. Ама, ете, се нафатив и почнав, но не со колумна, туку со рецензија на *Папа Хемингвеј* од А. Е. Хочнер. Потоа, еден ден после трките, седнав и го напишав насловот, БЕЛЕШКИ НА ЕДЕН СТАР ГАД, си отворив пиво и сѐ си се напиша самото. Притоа ја немаше онаа напнатост или она внимателното делкање со малку подзатапено шило, нешто што е неопходно за да се напише што било за *Атлантик Мантли*[4]. Ниту, пак, имаше каква и да е причина, едноставно, да се впуштам во некакво неинтересно и безгрижно новинарство (и така да станам најобично новинарче?!). Како да немаше никакви притисоци. Само си седев крај прозорецот, накревав од пивото и оставив да ми дојде самото. И сѐ што сакаше да дојде, си дојде. А Брајан никогаш не беше проблем. Само ќе му дадев нешто што сум напишал – на почетокот – а тој само ќе прошараше со погледот и ќе речеше: „Океј, ќе оди". После некое време, пак, само ќе му подадев нешто, а тој не го ни читаше; само ќе го тутнеше во некоја од преградите и ќе речеше. „Ќе оди. Друго, што има старо-ново?". А сега не вели дури ни: „Ќе оди". Само ќе му го дадам листот и толку. Тоа му помогна на пишувањето. Помислете си самите: апсолутна слобода да пишувате што сакате. Се забавував додека пишував, а понекогаш станував и сериозен; ама главно, како што неделите се редеа една по друга, така чувствував дека пишувањето станува сѐ подобро и подобро. Ова е изборот од околу четиринаесет месеци пишување колумни.

[4] (англ.) Atlantic Monthly.

Што се однесува на акцијата, ова нешто ја издува поезијата право во пеколот. И да ти се прифати некоја песна за издавање, тоа веројатно ќе се случи од две до пет години подоцна, а постојат еднакви шанси, педесет-педесет, дека тоа никогаш нема да се случи, или, според точните зборови, збор по збор, дека ќе се појави *подоцна*, во книгата на некој познат поет, и тогаш знаеш дека светов не вреди многу. За ова, се разбира, поезијата не е ништо виновна; работата е во тоа што толку многу гомна се обидуваат да ја печатат и да ја пишуваат. Ама со БЕЛЕШКИТЕ беше само седни со пиво в рака и почни да чукаш по машината во петок, или во сабота, или во недела и до среда нештото е веќе низ целиот град. Добивам писма од луѓе што никогаш не читале поезија, ниту моја ниту ничија друга. Ми доаѓаат луѓе на врата – навистина премногу – и ми тропнуваат само за да ми кажат дека БЕЛЕШКИ НА ЕДЕН СТАР ГАД ги возбудува. Еден скитник со себе кај мене донесува еден циган со жена му и зборуваме глупости и пиеме половина ноќ. Една телефонска операторка на повици на долга далечина од Њуборг, од државата Њујорк, ми испраќа пари. Сака да се откажам од пивото и добро да се хранам. Се слушам со еден лудак што си се нарекува „Крал Артур“ и живее на улицата Вајн во Холивуд и сака да ми помогне во пишувањето на колумните. Лекар ми доаѓа на врата и вели: „Ви ги читав колумните и мислам дека можам да ви помогнам. Бев психијатар“. Му реков да си оди.

Се надевам дека изборов ќе ви помогне. Ако сакате да ми испратите пари, океј е. А и ако са-

кате да ме мразите, и тоа е океј. Да бев селскиот ковач никој немаше да се заебава со мене. Но, јас сум само едно старче со понекоја валкана приказна. Кое пишува за еден весник што, исто како и јас, може да умре утре изутрина.

Сѐ е многу чудно. Па само помислете си, ако оној пат оние не му го беа „мазнеле алатот“ на богомладенецот Христос, вие сега воопшто не би го читале ова. Значи, бидете среќни.

Чарлс Буковски
1969 г.

## Белешки на еден стар гад

На некое копиле не му се даваа пари и сите тврдеа дека веќе немаат скршена пара, и се заврши со партијата карти, јас седев таму со другар ми Елф, а Елф беше заебан уште како дете, целиот набран и робустен, зашто само лежел в кревет со години и ги гмечел оние гуменине топчиња, правејќи секакви луди вежби, а кога еден ден – станува од креветот и е широк исто колку што е висок, и е еден мускулест насмеан дивјак што сака да биде писател ама пишува премногу, како Томас Волф, а, со исклучок на Драјзер, Т. Волф е најлошиот американски писател на сите времиња, и јас му акнав на Елф една заушка и шишето падна од масата (рече нешто со што јас не се согласував) и додека Елф се креваше повторно назад, јас веќе го имав шишето в рака, добро виски, и го треснав со него, зафаќајќи половина од вилицата и дел од вратот оддолу и тој повторно се најде долу, а јас се почувствував како вистински победник, бев ученик на Достоевски и го слушав Малер во

темница, и имав време да се напијам од шишето, да го оставам, па го залажав со десната и му ја тупнав левицата веднаш под појасот, а тој падна врз масичката, несмасно, огледалото се скрши, направи звуци ко од филм, сè блесна и скрцка, тогаш Елф ми стегна една полна по челото и јас се превртев од столот, а чудото се исправи под мене како сламка, евтин мебел, и потоа потонав длабоко – имав мали дланки и не бев баш некој тепач, па не го суредив докрај – а тој се сруши врз мене како некој штракнат, излуден од желба за одмазда, а јас успевав да му вратам по еден на секои негови три удари, не многу добри, ама тој не се предаваше и мебелот се кршеше на сите страни, сè се развреви, а јас не престанував да се надевам дека некој ќе го запре проклетото чудо – домарката, полицијата, Господ, кој било, ама тоа продолжуваше и продолжуваше, а потоа не се сеќавам.

кога се разбудив сонцето беше горе, а јас бев *под* креветот. излегов оттаму и видов дека можам да станам. долга исеченица под брадата. изгребани и раскрвавени зглобови на тупаниците. сум имал и полоши мамурлаци. а имаше и полоши места за будење. како, на пример, во затвор? можеби. погледнав наоколу. *беше* вистинско. сè беше испокршено, размачкано и здробено, истурено – ламби, столчиња, масичка, кревет, пепелници – изгнасени до непрепознатливост, ништо со смисла, сè грдо и разнебитено. се напив малку вода и потоа појдов до орманчето: десетки, дваесетки, петки, парите што ги фрлав таму секојпат кога ќе појдев да мочам за време на партијата

карти, и се сетив дека ја почнав тепачката поради ПАРИТЕ. Ги собрав зелените банкноти, ги спикав во паричникот, па го ставив мојот картонски куфер на накосениот кревет и почнав да си ги пакувам неколкуте партали: работничките маици, грубите чевли со дупки на ѓонот, стврднати и валкани чорапи, истуткани панталони со ногавици во форма на раширена насмевка, еден расказ за фаќање ракови во Операта на Сан Франциско и еден прирачник за здрава исхрана, целиот испокинат: „палингенеза – рекапитулација на стадиумите на предците во животната историја“.

часовникот отчукуваше, стариот часовник со аларм, нека е благословен, којзнае колку само пати го имав погледнато во седум часот и триесет минути во безбројните мамурни утра и имав речено кој ја ебе работата!? КОЈ ЈА ЕБЕ РАБОТАТА! па, велеше дека е четири часот попладне. и само што не го ставив најгоре во куферот кога – секако, зашто да не? – чув како некој ми чука на вратата.

ДА?

ГОСПОДИНЕ БУКОВСКИ?

ДА? ДА?

САКАМ ДА ВЛЕЗАМ И ДА ГИ СМЕНАМ ЧАРШАФИТЕ.

НЕ, НЕ ДЕНЕСКА. ДЕНЕСКА СУМ БОЛЕН.

ОХ, БАШ МИ Е ЖАЛ. АМА АКО, САМО ПУШТЕТЕ МЕ ДА ВЛЕЗАМ И ДА ГИ СМЕНАМ ЧАРШАФИТЕ. И ЌЕ СИ ОДАМ.

НЕ, НЕ, ИЧ НЕ СУМ ДОБАР, ИЧ. НЕ САКАМ НИКОЈ ДА МЕ ВИДИ ВАКОВ.

и тоа траеше и не завршуваше. таа сакаше да ги смени чаршафите. јас реков не. таа рече

сакам да ги сменам чаршафите. и тоа траеше и траеше. ах, домарката. какво тело. целата беше тело. сѐ околу неа врескаше ТЕЛО ТЕЛО ТЕЛО. бев таму само две недели. долу имаше бар. луѓе ќе доаѓаа да ме видат, јас не ќе бев таму, таа само ќе им кажеше: – во барот долу е, секогаш е во барот долу – и потоа луѓето велеа: – Боже Господе, човеку, ДОМАРКАВА, а?

а таа си беше голема бела жена и ги бендисуваше Филипинците, а Филипинциве правеа нешта, човеку, што ниеден белец, дури ни јас, не може ни да си ги замисли; а овие ваквите Флипови, ви велам, веќе ги нема, и сега сите се со навлечени пуловери и штиркани кошули на нив; а некогаш беа модни предводници, оние главните; целите во кожа и со чевли со поткренат ѓон, со мрсни зли лица – каде ли исчезнавте?

како и да е, немаше ништо за пиење и седев таму со часови, и полудував; бев целиот немирен, нервозен, со потечени мадиња, седнат таму со лесно заработени четиристотини и педесет долари, а не можев да си купам ниту едно мочано пиво. ја чекав темнината. темнината, не смртта. сакав надвор. да се обидам уште еднаш. конечно се соземдов и го сторив тоа. ја подотворив вратата, со синџирчето сѐ уште на неа, а таму имаше еден од оние малите мајмуни Флипови со чекан в рака. кога ја отворив вратата, го крена чеканот и се исклешти. кога ја затворив вратата ги извади шајките од устата и се преправаше дека ги заковува во теписонот на скалите што водеа до првиот кат и до единствената надворешна врата. не знам колку долго се одвиваше тоа. секогаш

истотo. секојпат кога ќе ја отворев вратата, тој го креваше чеканот и се клештеше. *посран мајмун!* и останувaше на горната скала. почнав да побудалувам. се потев, смрдев; мали кругови ми кружеа ли ми кружеа пред очите, блескајќи ми во целиот видокруг. навистина се чувствував како да ми се беа одвртеле шрафовите. појдов да си го земам куферот. беше лесен. сиот само партали. потоа ја зедов машината за чукање. една од оние челичните, преносливите, што ја зајмив од сопругата на еден поранешен пријател и никогаш не ја вратив. чувството кога ја кренав беше добро, цврсто: беше сива, рамна, тешка, сомнителна, банална. очите ми се испревртеа и чинам ми завршија во тилот и синџирчето веќе беше тргнато од вратата, и со куферот во едната рака, а во другата украдената машина за пишување, јурнав право во митралескиот оган, накај ужаленото утринско изгрејсонце, среде раскрцканите греди, кон крајот на сè.

ЕЈ! КАЈ СИ ТРГНАЛ?

малиот мајмун почна да се крева на едното колено, па го крена чеканот, а јас како да го чекав токму тоа – отсјајот на чеканот од електричната светлина – со куферот во левата и преносливата челична машина за чукање во десната рака, беше во совршена положба, долу кај моите колена, а замавнав со голема прецизност и со мала доза бес и го акнав со рамната, тешка и цврста страна, силно, отстрана по главата, по черепот, по слепоочницата, по битието.

настапи речиси светлосен шок како сè да плаче, а потоа сè се смири. бев надвор, одеднаш,

на тротоар, слезен по сите тие скали без воопшто да сум свесен. како на среќа, имаше жолто такси.

ТАКСИ!

бев внатре. СТАНИЦАТА ЈУНИОН.

беше добро, тивкиот звук на гуми во утринскиот воздух. НЕ, ЧЕКАЈ, реков. ВОЗИ НА ГЛАВНАТА АВТОБУСКА.

ШО Е РАБОТАТА, БЕ, БРАТ? праша таксистот.

САМО ШТО ГО УБИВ ТАТКО МИ.

ГО УБИ ТАТКО ТИ?

СИ ЧУЛ ЗА ИСУС ХРИСТОС?

ФАЛА БОГУ.

Е, ПА, ТОГАШ: ВОЗИ НА ГЛАВНАТА АВТОБУСКА.

еден час седев во чекалницата на автобуската и го чекав автобусот за Њу Орлеанс. се прашував дали го убив типот. конечно некако се снајдов со машината за пишување и со куферот, зачукувајќи ја машината во преполнетиот багажник, зашто нејќев чудото да ми падне врз глава. патувањето беше долго, многу се пиеше и малку се сплеткав со една црвенокоса од Форт Ворт. и јас слегов во Форт Ворт, ама таа живееше со мајка ѝ, па морав да изнајмам соба, а јас по грешка изнајмив соба во јавна куќа. цела ноќ жените врескаа нешта како „ЕЈ! нема да го начукаш ТОА нешто во МЕНЕ за НИКАКВИ пари!“, и тоалетите не престануваа да роморат цела ноќ. отворање и затворање врати.

црвенокосата, пак, беше фина и невина, или чекаше подобар човек. како и да е, градот го напуштив без да ѝ се пикнам во гаќичките. и конечно стигнав во Њу Орлеанс.